ЦЕНТРАЛНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

СДСМ
ЦИК-СДСМ
Примено: 07.03.2025
Орг. Един.: 0209 | Број: 9 | Прилог: 4 | Час: /

СДСМ

Врз основа на член 9 став 2 алинеја 2 од Правилникот за критериумите, начинот и постапката за кандидирање и избор на Претседател на СДСМ и Глава 3 точка 6 и 7 од Роковникот за извршување на изборните дејствија и спроведување на избори за Претседател на СДСМ и за начин и постапка за активна регистрација, Централната изборна комисија на петтата седница одржана на 07.03.2025 година, донесе:

**П Р Е П О Р А К А**

**за навремена проверка во избирачкиот список**

Со оглед на тоа дека процесот на активно регистрирање за гласање на Внатрепартиските избори за избор на Претседател на СДСМ- 2025 година, завршува заклучно со 08.03.2025 година во 24:00, Централната изборна комисија ја доставува оваа Препорака до Општинските изборни комисии, со **напомена** дека согласно Роковникот, ОИК е должен **да овозможи** во рамки на Општинската организација секој член да **изврши увид** дали е внесен во избирачкиот список, најдоцна до 08.03.2024 година, а членови на СДСМ кои не се пронајдени во избирачкиот список, имаат **право на приговор до ЦИК, преку ОИК**, најдоцна до 09.03.2025 година.

Секој член може да провери дали е активно регистриран на веб страната на СДСМ, на платформата за активна регистрација со внесување на својот ЕМБГ и бројот на членската картичка на СДСМ. Притоа, самата апликација потврдува дали пријавата за гласање е веќе евидентирана и дали гласачот е на избирачкиот список.

Скопје, 07.03.2025

Претседател на ЦИК

Бранко Георгиевски

М.П.

Социјалдемократски сојуз на Македонија
Централна изборна комисија
СДСМ